РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2645/1
17-08-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3126/1 од 11.12.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што во истата се содржани наводи поврзани со околности за кои Државната комисија за спречување на корупцијата веќе има постапено и има донесено одлука од своја надлежност поради што нема елементи за понатамошно надлежно постапување.

Предметот со број 12-3126/1 од 11.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 11.12.2024 година, е поднесена пријава за незаконитости при избор на најповолен понудувач во тендерска постапка во рамки на Проектот за изградба на автопат на Коридорот 8 и 10Д, по која е оформен предмет со број 12-3126/1 од 11.12.2024 година. Поконкретно, пријавителот изразува сомневање во регуларноста на тендерска постапка по повик со број ------------------------------ од 05.06.2024 година спроведена за избор на најповолен понудувач на услуги за отстранување дрвја во рамки на Проектот за автопат на Коридорот ------- и -------, поради тоа што за најповолен понудувач во постапката било избрано правното лице ----------- ------ ДООЕЛ ---------, за кое смета дека нема искуство за извршување на таков вид услуги.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека повеќе аспекти на Проектот за изградба на автопат на Коридорот ----- и -----, се опфатени при постапувањето по предметот со број 12-1043/1 од 14.02.2023 година за кој е донесена Одлука со број 12-493/4 од 05.02.2024 година, а во рамки на кој е изработена и Анализа на постапувањата и носењето одлуки на државните органи и институции во постапките за склучување на договорот со ----------------- за изградба на коридорите ------ и ----, и склучување на договор за надзор и правен трансакциски советник за изградба на истите, која Одлука, заедно со Анализата и списите на предметот е доставена за натамошно постапување до надлежно јавно обвинителство.

Поради тоа што Државната комисија констатираше дека за околностите на кои се однесуваат наводите од пријавата веќе има постапено и има донесено одлука од своја надлежност, оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М., член на ДКСК